
ОПШТИНА
ПЛАСНИЦА
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
ПЛАСНИЦА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски

# ОБРАЌАЊЕ НА НОСИТЕЛОТ НА СОВЕТНИЧКАТА ЛИСТА ЗА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА, ФАТИХ АДЕМОГЛУ

Почитувани сограѓани, драги пријатели,

Денес стојам пред вас со голема чест и уште поголема одговорност – како ваш кандидат за носител на советничката листа за нашата Пласница. Оваа одлука не е само лична амбиција, туку обврска што произлегува од желбата да го подобриме нашето заедничко место за живеење.

Јас сум дел од оваа Општина. Заедно растевме, работевме, ги делиме и радостите и проблемите. Знам колку вредни и чесни луѓе живеат овде, но знам и со какви предизвици се соочуваме секојдневно.

Мојата кандидатура произлегува од едноставна верба: дека можеме подобро, дека заслужуваме повеќе. Верувам во работа со посветеност, искреност и транспарентност.

Нашиот тим има јасна визија за иднината – подобра инфраструктура и услови кои ќе овозможат младите да останат тука и да ја градат својата иднина. Општината е нашиот дом и мора заемно да си помагаме. Оттука, ќе ги поддржуваме семејствата и нашите повозрасни сограѓани, а како Совет, ќе работиме отворено и отчетно и секоја одлука ќе биде во интерес на граѓаните, а не на тесни групи или поединци.

Ова не е само моја задача, ова е заедничка мисија. Секој од вас има своја улога – со вашата идеја, со вашиот предлог и со вашата доверба.

Почитувани,

Сигурен сум дека заедно можеме да ја претвориме нашата Општина во место со кое ќе се гордееме сите. Ви ветувам работа, труд и чесност. Од вас барам една работа – доверба и поддршка.

Да ја изградиме иднината што ја заслужуваме!

Ви благодарам!

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Фатих Адемоглу - носител на листа
2. Ваит Реџеп
3. Алма Азизоска
4. Нејлан Мустафоски
5. Ќемал Алиоски
6. Џејлан Муаремоска
7. Шабан Таироски
8. Мелек Алимоска
9. Медине Адилоска



# I. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

## А) КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ИНФРАСТРУКТУРА

### 1. Водоснабдување на населено место Пласница

- Реконструкција и санација на постоечка водоводна мрежа, се цел обезбедување на квалтетна вода за пиење, бидејќи водата е неисправна бактериолошки загадена и забранета за пиење.

### 2. Обновување на водоводната мрежа с. Пласница и с. Преглово

- Во некои делови од водоводната мрежа сè уште постојат стари азбестни цевководи, и поради таа причина Општината ќе изврши нивна замена со нови. Со проектот исто така се предвидува поставување на маалски вентили на мрежата за водоснабдување.

### 3. Изградба на каптажа за прочистување на водата за пиење во с. Пласница и с. Преглово

- Проектот од големо значење за жителите на Општината, бидејќи во моментот не користат чиста вода за пиење.

### 4. Обновување на водоводната мрежа с. Лисичани

- Постоечката водоводна мрежа е застарена и е составена од стари азбесни цевководи околу 60%. Поради тоа, Општината ќе изврши нивна замена со нови посовремени цевководи за подобрување на стандардот на локалното население.

### 5. Приклучување на с. Дворци на регионалниот водовод Студенчица

- Со цел решавање на проблемот со вода за пиење со кој се соочуваат жителите на с. Дворци, ќе направиме напори за приклучување на регионалниот водовод на Студенчица со доизградба на водоводна мрежа.

## Канализациски системи

### 6. Дозавршување на изградбата на фекалната канализација во с. Преглово, с. Пласница и с. Лисичани

- Овој проект е од исклучително значење за трите населени места во Општината. Со негова реализација, ќе се отстранат приклучоците од фекалната канализација во реките.

## УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

### 7. Уредување на зелените површини околу новиот мост што го поврзува с. Прелгово со с. Пласница

- Зелените површини околу новоизградениот мост ќе ги уредиме со нови канделабри, клупи, хорикултурно уредување и сл.

### 8. Уредување на гробиштата во сите населени места

- Оштината ќе спроведува редовни акции за чистење и уредување на гробиштата во сите населени места Пласница-Преглово, во с. Дворци и с. Лисичани.

### 9. Изградба на пешачка патека од ОУ „Мустафа Кемал Ататурк“ до месноста наречена Потчука, како и во с. Лисичани.

## ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

### 10. „Општината ги стипендира најдобрите”

- Со цел да ги поттикнеме најталентираните ученици и спортисти, ќе обезбедиме средства за стипендирање на десет најталентирани ученици и спортисти. Со овој проект ќе го поттикнеме јакнењето на свеста кај граѓаните на локално ниво за значењето на образованието.

### 11. Организирање на локални натпревари по математика, информатика природни науки и иновации

- Соработка со основните училишта, ќе организираме локални натпревари по математика, природни науки и иновации, така што Општината ќе ја обезбеди наградта за првите три места и ќе биде патрон на овој настан.

- **12. Основање училишни спортски клубови.**
- **13. Возобновување на практикувањето т.н. – Маалски фудбал и баскет.**
- **14. Покровителство на традиционални спортски турнири**

• Општината ќе ја поддржи организацијата на традиционални спортски турнири во фудбал, а ќе поттикне и организирање на нови турнири во други спортски дисциплини.

- **15. Крводарителски акции и хуманитарна помош за ранливите групи граѓани.**
- **16. Спортско лето - „Спорт за сите“.**

## ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Нашата Општина мора да биде пример за одржлив развој и грижа за животната средина. Со современи решенија ќе изградиме здрава, чиста и енергетски ефикасна заедница за сегашните и идните генерации. Ќе обезбедиме редовно чистење и одржување на улиците, реките, парковите и јавните простори. Во секое маало ќе се садат нови дрвореди и ќе се уредуваат паркови за создавање на зелен урбан екосистем.

Ќе воведеме мерки за енергетска ефикасност и рационално користење на енергијата, а на јавните згради и спортски центри ќе инсталираме соларни панели за поголема употреба на обновливи извори. Преку кампањи во училиштата ќе ја поттикнеме екосвеста кај младите, а со акции за пошумување и заштита на локалните извори на вода ќе создадеме почиста и поздрава општина.

Со овие мерки, нашата Општина ќе стане зелена, чиста и енергетски ефикасна, место каде што природата и урбаниот живот одат рака под рака.

## БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Безбедноста како императив на времето преставува предуслов за развојот на Општината. Таа е гарант на човековите вредности и чувар на редот, мирот и поредокот во севкупниот општествен систем. Безбедноста во Општината ќе биде остварена со заемност и соработка со сите чинители во системот на безбедноста на општинско, градско и републичко ниво.

Противпожарната заштита и во наредниот период приоритет ќе биде набавка на противпожарно возило со цел зголемување на безбедноста на граѓаните и превенција од пожари, Општината ќе набави противпожарно возило.



# II. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Модерната општина е место каде граѓаните живеат квалитетно, безбедно и со поглед кон иднината. Нашата визија е да создадеме инфраструктура која ќе биде функционална, одржлива и дигитално поврзана, со цел подобар живот за сите.

Важен предуслов за економскиот развој на една земја е економската инфраструктура, која влијае врз деловните можности, но и врз вкупната привлечност на Општината за работа и инвестирање. Ефикасна и сигурна патна инфраструктура ја олеснува и поттикнува мобилноста на луѓето и стоките, ја надминува ограниченоста на локалните пазари и создава претпоставки за рамнотежен регионален развој.

Оттука, вложувањата во инфраструктурата се од витално значење за намалување на невработеноста и сиромаштијата, за зголемување на конкурентноста на економијата, постигнување забрзан економски раст и порамномерен регионален развој.

Убав и плански уреден простор е наша визија за современо општество како и за интегрирање на нашите семејства во него. Уредување на просторот и негово планирање од страна на службите во Општината во консултација со граѓаните, го доооформува ликот на Општината и овозможува негово рационално и правилно искористување. Со работа и одговорност ќе воспоставиме нов систем на вредности во Општината.

Една од целите на локалната власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе биде зголемената грижа за животната средина, која треба да претставува императив на современото живеење на секој граѓанин во земјата. Преку спроведување на најразлични мерки и активности за заштита и спречување на загадување на водата, воздухот и почвата како и управувањето со отпадот, ќе придонесеме за заштита на човековото здравје, зачувување на природните богатства и подобрување на квалитетот на живот.

## УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

### 1. Урбанистичка документација за изградба на мини индустриска зона

- Со цел привлекување на домашни и странски инвеститори, особено во делот на преработувачката индустрија (преработка на шумски плодови, мед, земјоделски култури, млеко и млечни производи) а кои ќе придонесат за економски развој на општината, ќе урбанизираме земјиште за изградба на мини индустриска зона, во која ќе можат да се отворат до 5 нови производствени капацитети, за коишто Општината ќе ги ослободи од плаќање на комунални такси, а ќе се залагаме да ги обезбедиме и оновните инфраструктурни сегмети во зоната.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2027-2028 година.

### 2. Отворање на пазар во Општина Пласница

- Од причина што Општината нема зелен пазар, ќе најдеме соодветна лоакција за негова изградба.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026-2027 година.

### 3. Прочистување и уредување на речните корита на сите реки во населените места во Општината

- Со цел да ја одржиме чистотота на реките, Општината ќе спроведува акции за редовно чистење на речните корита на сите реки во Општината.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026-2029 година.

### 4. Дислокација на локалната депонија

- Од причина што моменталната депонија е во непосредна близина на населението, Општината ќе изнајде соодветен простор за дислокација на истата, на која ќе бидат применети сите стандарди за безбедност и превенција од пожари.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026-2027 година.

## КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ИНФРАСТРУКТУРА

Одржувањето на јавната чистота е ликот за секоја општина. Така најдобро се гледа грижата и работата на општината, како пред своите граѓани така и пред туристите и останатите посетители.

## ВОДОСНАБДИТЕЛНИ И КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ

Со благовремено решавање на проблемите на граѓаните, преку изградба на водоснабдителни и канализациони системи се создаваат услови за поздрава и почиста животна средина на граѓаните.

# Водоснабдителни системи

## 17. Водоснабдување на населено место Пласница, реконструкција и санација на постоечка водоводна мрежа

- **Извор на финансирање:** Буџет на РМ
- **Рок:** крај на 2026 година.

## 18. Обновување на водоводната мрежа с. Пласница и с. Преглово

Од причина што во некои делови од водоводната мрежа сè уште постојат стари азбестни цевководи, Општината ќе изврши нивна замена со нови. Со проектот исто така се предвидува поставување на маалски вентили на мрежата за водоснабдување.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** крај на 2026 година.

## 19. Изградба на каптажа за прочистување на водата за пиење во с. Пласница и с. Преглово

Проектот е од многу големо значење за жителите на Општината, бидејќи во моментот не користат чиста вода за пиење.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026-2027 година.

## 20. Обновување на водоводната мрежа с. Лисичани

Од причини што постоечката водоводна мрежа е застарена и е од стари азбесни цевководи околу 60%,Општината ќе изврши нивна замена со нови посовремени цевководи.

- **Извор на финансирање:**
- **Рок:** 2028 година.

## 21. Приклучување на с. Дворци на регионалниот водовод Студенчица

- Со цел решавање на проблемот со вода за пиење со кој се соочуваат жителите на с. Дворци, ќе направиме напори за приклучување на регионалниот водовод на Студенчица со доизградба на водоводна мрежа.
- **Рок:** 2027 година.

## Канализациски системи

### 22. Дозавршување на изградбата на фекалната канализација во с. Преглово, с. Пласница и с. Лисичани

- Опис на проектот: Овој проект е од исклучително значење за трите населени места во Општината. Со негова реализација, ќе се отстранат приклучоците од фекалната канализација во реките.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2027-2029 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Со уредувањето на парковите и зелените површини како хортикултурно така и со поставување на урбана опрема обезбедуваме катче за релаксација за сите генерации. Остануваме посветени и во оваа област преку континуирано одржување на веќе постоечките паркови, детски игралишта и зелени површини во Општина Пласница, но и преку реализација на вакви проекти во останатите поголеми населени места.

### 23. Уредување на зелените површини околу новиот мост што го поврзува с. Прелгово со с. Пласница

- Зелените површини околу новоизградениот мост ќе ги уредиме со нови канделабри, клупи, хорикултурно уредување и сл.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026-2027 година.

### 24. Уредување на гробиштата во сите населени места

- Оштината ќе спроврдува редовни акции за чистење и уредување на гробиштата во сите населени места.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** континуирано.

# УРЕДУВАЊЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност во јавното осветлување резултираат со намалување на потрошената електрична енергија, а со тоа намалување и на расходите од буџетот на Општината. Во согласност со Стратегијата за енергетска ефикасност на Владата на Република Македонија, а со цел да создадеме пријатна атмосфера во нашата Општина во вечерните моменти ќе ги реализираме следните проекти:

### 25. Поставување на улични светилки на сите улици во Општината

- Ќе поставиме улични светилки на сите улици каде што не нема, а воедно ќе извршиме замена на старите светилки, со нови енергетско-ефикасни светилки.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026-2029 година.

# III. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

- **1. Поддршка на иновации и претприемништвото (формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи, креирање на научно-образовен локален центар).**
- **2. Подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП.**
- **3. Локална стратегија за промоција на странски инвестиции.**
- **4. Поддршка на занаечиството и малите локални бизниси.**



# IV. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Основни приоритети на ВМРО-ДПМНЕ во областа на образованието се осовременување и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес на сите степени (основно, средно и високо образование), создавање на млади кадри кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и развивање на здраво психо-физичка личност. Со спроведената децентрализација основните приоритети од областа на образованието ќе бидат поттик за спроведување и на локално ниво.

Покрај проектите: „Бесплатни учебници за сите ученици од основно и средно образование“„Бесплатен превоз“ „Бесплатен интернет во сите основни и средни училишта“, „Опремување на училиштата и училишните кабинети“ кои континуирано ќе се имплементираат во наредниот период и ќе се финансираат со средства обезбедени од програмите на Владата на Република Македонија, од особено значење за нас во следниот четиригодишен период ќе бидат и следните проекти:

### 1. „Општината ги стипендира најдобрите”

- Со цел да ги поттикнеме најталентираните ученици и спортисти, општинската администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ согласно капацитетите и можностите на единиците на локалната самоуправа, во соработка со приватниот сектор и ќе обезбеди средства за стипендирање на десет најталентираните ученици и спортисти. Со овој проект ќе го поттикнеме јакнењето на свеста кај граѓаните на локално ниво за значењето на образованието.
- **Средства:** 120.000,00 денари.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026-2029 година.

### 2. Организирање на локални натпревари по математика, информатика природни науки и иновации

- Соработка со основните училишта, ќе организираме локални натпрари по математика, природни науки и иновации, така што Општината ќе ја обезбеди наградта за првите три места и ќе биде патрон на овој настан.

- **Средства:** мал износ.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** континуирано.

## 3. Основање училишни спортски клубови

- Во насока на унапредување на системот на натпревари во училишниот спорт, предвидено е основање на училишни спортски клубови во повеќе спортови кои треба да претставуваат основа за остварување на огромните општествени придобивки, кои ги претполага развојот и негувањето на училишниот спорт како национална определба.
- **Средства:** мал износ.
- **Извор на финансирање:** Буџет на РМ / Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026 година – во континуитет.

## 4. Возобновување на практикувањето т.н. – Маалски фудбал и баскет

- Поаѓајќи од стратешките приоритети изложени во националната „Програма за развој на спортот“ во делот на спортската рекреација, односно „Спортот за сите“, во соработка со повиканите национални спортски федерации, предвидено е креирање концепт и воспоставување систем на натпревари во т.н. маалски фудбал и баскет за маалски тимови, кои подоцна би се вклучиле во систем на општински, зонски, регионални и државни натпревари.
- **Извор на финансирање:** Буџет на РМ / Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026 година – во континуитет.

## 5. Покровителство на традиционални спортски турнири

- Општината ќе ја поддржи организацијата на традиционални спортски турнири во фудбал, а ќе поттикне и организирање на нови турнири во други спортски дисциплини, како на пример турнир во борење.
- **Средства:** мал износ.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026 година – во континуитет.

## 6. Крводарителски акции и хуманитарна помош за ранливите групи граѓани

- Единицата на локалната самоуправа, во соработка со Агенцијата за млади и спорт и познати спортисти, ќе организира крводарителски и хуманитарни акции кои би претставувале позитивен пример за младите луѓе и би ја подигнале хуманитарната свест и потребата за помагање на лицата на кои тоа им е најпотребно. На тој начин, кај младите ќе се стимулира процесот на волонтеризам кој би требало да

го одрази духот на младите и слободната волја за давање услуги за добротворни и хуманитарни цели за потребите на општеството.

- **Рок:** 2026 година – во континуитет.

## 7. Спортско лето- „Спорт за сите“

- Поаѓајќи од стратешките приоритети изложени во националната „Програма за развој на спортот„ во делот на спортската рекреација, односно „Спортот за сите“, во соработка со националните спортски федерации, предвидена е реализација на Проект за популаризација на повеќе спортови каде на едно место, во период од неколку денови во летниот период, ќе се врши презентација на истите, вклучително бесплатни часови за обука.
- **Извор на финансирање:** Буџет на РМ.
- **Рок:** 2026 година – во континуитет.



# V. ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Дигиталната трансформација е клучот за побрзо, поефикасно и поедноставно функционирање на Општината. Нашата визија е да изградиме паметна општина која ќе им служи на граѓаните транспарентно, отворено и достапно 24/7.

## 1. Е-услуги за граѓаните

- Воведување на целосен онлајн систем за општински услуги (барања, пријави, документи).
- Можност за електронска наплата на давачки и сметки.
- Дигитални пријави за проблеми (оштетена улица, отпад, улично осветлување).

## 2. Транспарентна и отворена општина

- Платформа за онлајн увид во буџетот и трошењето на јавни средства. Јавни седници достапни преку онлајн пренос во живо. Поголема достапност на документи и информации на веб-страницата на Општината.

## 3. Паметна инфраструктура

- „Паметни клупи" со WiFi и полначи за уреди. Сензори за улично осветлување со автоматска контрола. Системи за следење на квалитетот на воздухот и заштита на животната средина.

## 4. Дигитално образование и култура

- Опремување на училиштата со модерна ИКТ-опрема. Онлајн платформи за учење и поддршка на наставниците и учениците. Дигитализација на локалното културно наследство и промоција преку интернет.

## 5. Поврзаност и достапност

- Бесплатен јавен WiFi на плоштади, паркови и институции.

## Апликација „Моја Општина" за директна комуникација со администрацијата.

## Поддршка за старите лица преку дигитални услуги и едукации.

Со дигиталната трансформација, Општината станува поотворена, побрза и поефикасна – општина која не губи време на бирократија, туку се грижи за квалитетот на животот на граѓаните.



# VI. РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Нашата Општина во целост ја поддржува промоцијата на спортот. Само низ игра, рекреација и спорт, децата и младите учат да распознаваат и критички да размислуваат додека изнајдат решение за проблемите. Со спортот го развиваат духот на пријателството, солидарноста и фер-играта, лидерството, почитувањето кон другите и вештините за совладување на проблемите.

Насочувањето на децата кон спортски активности е од пресудно значење за нивната изградба во одговорни возрасни личности, вистинска алтернатива и пат за изградба на здрави млади личности ослободени од пороците на современиот начин на живеење.

Во идниот период ќе се даде поддршка на активностите и проектите во областа на спортот, ќе се инвестира во обезбедување на услови за спортување, ќе се продлабочи соработката со Агенцијата за млади и спорт.

## 1. Изградба на едно повеќенаменско спортско игралиште во с. Лисичани

- За развој на масовниот спорт и спортот за сите, најдобар начин да се создадат услови е преку изградбата на повеќенаменските игралишта. Повеќенаменските игралишта ќе бидат ставени на располагање на сите граѓани за спортување, рекреирање и за натпреварување. Игралиштата ќе можат да се користат деноноќно и ќе бидат место за собирање и дружење на младите генерации, како и основа за создавање на здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење.
- **Извор на финансирање:** Буџет на РМ.

## 2. Доизградба на стадионот во с. Пласница

- Ќе изгадиме трибини од едната страна, како и објект за потребите на фудбалскиот клуб.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 3. Основање училишни спортски клубови

- Во насока на унапредување на системот на натпревари во училишниот спорт, предвидено е основање на училишни спортски клубови во повеќе спортови кои треба да претставуваат основа за остварување на огромните општествени придобивки, кои ги претполага развојот и негувањето на училишниот спорт како нацио-

нална определба.
- **Извор на финансирање:** Буџет на РМ / Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026 година – во континуитет.

### 4. Возобновување на практикувањето т.н. – Маалски фудбал и баскет

- Поаѓајќи од стратешките приоритети изложени во националната „Програма за развој на спортот„ во делот на спортската рекреација, односно „Спортот за сите“, во соработка со повиканите национални спортски федерации, предвидено е креирање концепт и воспоставување систем на натпревари во т.н. маалски фудбал и баскет за маалски тимови, кои подоцна би се вклучиле во систем на општински, зонски, регионални и државни натпревари.
- **Извор на финансирање:** Буџет на РМ / Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026 година – во континуитет.

### 5. Покровителство на традиционални спортски турнири

- Општината ќе ја поддржи организацијата на традиционални спортски турнири во фудбал, а ќе поттикне и организирање на нови турнири во други спортски дисциплини, како на пример турнир во борење.
- **Средства:** мал износ.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026 година– во континуитет.

### 6. Крводарителски акции и хуманитарна помош за ранливите групи граѓани

- Единицата на локалната самоуправа, во соработка со Агенцијата за млади и спорт и познати спортисти, ќе организира крводарителски и хуманитарни акции кои би претставувале позитивен пример за младите луѓе и би ја подигнале хуманитарната свест и потребата за помагање на лицата на кои тоа им е најпотребно. На тој начин, кај младите ќе се стимулира процесот на волонтеризам, кој би требало да го одрази духот на младите и слободната волја за давање услуги за добротворни и хуманитарни цели, за потребите на општеството.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026 година– во континуитет.

### 7. Спортско лето- „Спорт за сите“

- Поаѓајќи од стратешките приоритети изложени во националната „Програма за развој на спортот„ во делот на спортската рекреација, односно „Спортот за сите“, во соработка со националните спортски федерации, предвидена е реализација на Проект за популаризација на повеќе спортови каде на едно место, во период од

неколку денови во летниот период, ќе се врши презентација на истите, вклучително бесплатни часови за обука.

- **Извор на финансирање:** Буџет на РМ.
- **Рок:** 2026 година – во континуитет.

## 8. Организирање на кампања „Стоп на пороците“

- Преку системот на образование, но и преку одржување на трибини во населените места во Општината ќе се влијае врз младите со цел избегнување на штетните последици од конзумирање на наркотични средства и алкохол.
- **Средства:** мал износ.
- **Извори на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026-2027 година.



# VII. ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Нашата Општина мора да биде пример за одржлив развој и грижа за животната средина. Со современи решенија ќе создадеме здрава, чиста и енергетски ефикасна заедница за сегашните и идните генерации.

## 1. Чиста и здрава животна средина

- Редовно чистење и одржување на улици, паркови и јавни простори. Модерен систем за селекција и рециклажа на отпад.
- Засилени инспекциски контроли за спречување на диви депонии.

## 2. Зелени површини и урбан екосистем

- Засадување на нови дрвореди и паркови во секое маало.
- Уредување на детски игралишта и спортски терени со природни материјали.
- Поддршка за урбано зеленило – зелени фасади и кровни градини.

## 3. Енергетска ефикасност

- LED јавна расвета со автоматска регулација.
- Енергетска санација на училиштата, градинките и јавните објекти.
- Поттикнување на енергетски ефикасни домови преку субвенции и совети за граѓаните.

## 4. Обновливи извори на енергија

- Инсталација на соларни панели на јавни згради и спортски центри.
- Поддршка за граѓани и компании кои инвестираат во обновлива енергија.
- Развој на локални проекти за соларни паркови и мали хидро или ветерни централи.

## 5. Екообразование и свест

- Кампањи за „чиста и зелена општина“ во училиштата.
- Акции за пошумување и заштита на локалните извори на вода.
- Партнерство со невладини организации за еколошки проекти.

Со овие мерки, нашата Општина ќе стане зелена, чиста и енергетски ефикасна, место каде што природата и урбаниот живот одат рака под рака.

# VIII. БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Противпожарната заштита и во наредниот период останува на листата на приоритети за изградба на ефикасен систем на превенција и заштита од пожари во Општината. Општината како носител на противпожарната заштита во рамките на своите надлежности ги презема сите мерки и активности насочени кон заштита на животите и на имотот на граѓаните од настанување на пожари. Безбедноста во Општината ќе биде остварена со заемност и соработка со сите чинители во системот на безбедноста на општинско, градско и републичко ниво.

## 1. Набавка на протипожарно возило

- Со цел зголемување на безбедноста на граѓаните и превенција од пожари, Општината ќе набави противпожарно возило.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2027 година.

# IX. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Република Македонија располага со богат фонд на автентични, природни, традиционални и културни ресурси, кои се значајни предуслови за развојот на туризмот во земјата. Имајќи ја предвид големата улога што ја игра туризмот за локалниот економкси развој, општините својата економска предност сè повеќе ја препознаваат во збогатувањето на туристичката понуда и подигнување на стандардите за квалитет во овој сектор.

Во наредниот четиригодишен период Оптината Планица ќе биде посветена на поголемо искорисување на своите конкурентски предности и максимално ќе се залага да ги развива и промовира најразличните видови на туризам, како спортскиот и рекреативен туризам, здравствениот, културниот, руралниот туризам и други алтернативни форми на туризам. Со тоа ќе ги задоволиме очекувањата и вкусовите на туристите, а нашата Општина ќе настојуваме да ја направиме погодна и препознатлива дестинација на туристичката мапа на Македонија.

# X. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Културата е белег на нашето постоење и значаен симбол на културниот идентитет на секој народ. Развојот на културата, сочувувањето и негувањето на културните вредности како еден од важните сегменти во работењето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, претставува голем предизвик и поттик за наше што поголемо ангажирање на локално ниво.

Нашите најважни проекти, во насока на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## 1. Изградба на културно-уметнички дом во Општината

- Од причина што Општина Пласница нема културен објект, ќе изградиме нов културно-уметнички дом, кој ќе продонесе за збогатување на културната понуда во Општината.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2027-2029 година.

## 2. Проект: Формирање на културно -уметничко друштво

- Со цел негување на традиционалниот фолклор и музика, ќе формираме културно-уметничко друштво во Општината.
- **Средства:** мал износ.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2029 година.

## 3. Организирање на културно–забавни настани по повод поголемите верски празници

- Општината редовно ќе одвојува средства за финансиска поддршка на организацијата на културно-забавни настани и манифестации, по повод поголемите верски празници.
- **Извор на финансирање:**Буџет на Општината.
- **Рок:** Континуирано.



# XI. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Социјална заштита и социјална превенција е основен ипмератив на политиката на ВМРО-ДПМНЕ со цел создавање на услови за инклузивно и кохезивно општество, преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекст на заедница. Започнатите процеси на децентрализација продолжуваат со засилено темпо. Во оваа насока се отвораат бројни можности и предизвици за уште поактивна улога на централната и локалните власти, вклучително и граѓанскиот сектор да креираат локални стратегии и програми за социјално вклучување на граѓаните на кои сме им најпотребни.

Грижата за децата останува да биде во фокусот на нашата посветеност. Секое дете треба да се вклучи во процесот на социјализација преку згрижување во предучилишните установи. ВМРО-ДПМНЕ се залага за ширење на мрежата на нови детски градинки и подобрување на условите за престој, се со цел да им обезбедиме сигурно и безбедно детство.

Политиката на ВМРО-ДПМНЕ е насочена кон обезбедување на достоинствен живот на старите лица, преку развој на сервисни служби, ширење на мрежата на вонинституционални облици со социјално-заштитна функција за лицата со инвалидност, децата без родители и родителска грижа, децата во ризик, како и обезбедување на социјална превенција, од можни ризици заради подигнување на квалитетот на живот на индивидуите, семејствата и општеството во целина.

## БЕЗУСЛОВНИ И ЕДНАКВИ ШАНСИ ЗА СИТЕ

### 1. Пристапни рампи - право на секое инвалидно лице

- Инвалидните лица имаат основно загарантирано право на физички пристап до јавните институциите на локално ниво, детските градинки, училиштата, здравствените установи и другите институции кои им се неопходни за елиминирање на социјалните бариери и целосен независен и интегриран живот во заедницата. Со изградба на пристапните рампи се премостува хендикепот и се овозможува достапна средина за лицата со посебни потреби во сите сфери на општественото живеење.
- **вИзвор на финансирање:** Буџет на РМ.
- **Рок:** 2027 година.

### 2. Бесплатен превоз за инвалидните лица како рамноправни граѓани во локалната заедница

- Со користење на јавниот превоз се зголемува мобилноста на инвалидните лица како рамноправни граѓани, а бенефит има целокупното општество во целина. Бесплатниот превоз подразбира активирање на лицата со попреченост и искористување на нивниот потенцијал во целост. Локалната самоуправа ја има клучната улога да им обезбеди на своите граѓани пристојно живеење кое подразбира слободно и непречено движење при задоволување на основните човекови потреби.
- **Извор на финансирање:** Буџет на РМ.
- **Рок:** континуирано.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

ВМРО–ДПМНЕ во континуитет спроведува реформи во насока на подобрување и унапредување на квалитетот на здравствената заштита на граѓаните на РМ, чии позитивни ефекти интензивно ги чувствуваат и ползуваат преку многуте проекти спроведувани од страна на Министерството за здравство, како што се:

### 3. Зголемување на здравствени услуги во амбулантата во с.Преглово, со согласност на Министерството за здравство

# XII. ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Крупните промени и значајните политики во земјоделство, кои за првпат Владата на ВМРО-ДПМНЕ ги постави во изминатиот мандат, и кои веќе придонесуваат кон развој и поголема конкурентност на македонското земјоделство, ќе продолжиме да ги спроведуваме и во иднина на локално ниво во нашата Општина преку практичен придонес при спроведувањето на мерките за поддршка на земјоделството. Ќе понудиме можност секој земјоделец посветен на својата работа да развива квалитетен и одржлив агро–бизнис.

Како Општина ќе овозможиме максимална поддршка на нашите земјоделци, со цел да помогнеме во практичното реализирање и промовирање на мерките за финансиска поддршка и субвенционирање на земјоделското стопанство, во насока на структурно прилагодување од традиционално кон модерно конкурентно земјоделие.

Нашите најважни проекти, во насока на остварување на споменатите цели во следниот четиригодипен период ќе бидат:

## 1. Донесување Програма за локален рурален развој

- Со четиригодишната Програма ќе се опфати изградба на инфраструктурни објекти кои ќе допринесуваат за подобрување на условите за живот, како и реконструкција и одржување (чистење) на каналите за наводнување и обнова на механизацијата кај земјоделците.
- **Рок:** 2029 година.

## 2. Откупно–дистрибутивни пунктови

- Ќе го поддржиме отварањето на откупно-дитрибутивни пунктови за земјоделско-градинарски култури, грав, тутун, компир, мов, печурки, мед, млеко и млечни производи и други земјоделски култури со цел подобрување на нивниот пласман и поквалитетна понуда на потрошувачите.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026-2029 година.

## 3. Отворање на советодавни пунктови за користење на средства од европските фондови, државни субвенции за земјоделците и други советодавни услуги

- Општината ќе даде поддршка на земјоделците за искористување на средствата од ИПАРД програмите, како и други владини мерки за поддршка на земјоделството и столарстово, потоа советодавни услуги за употреба на добри земјоделски и хи-

гиенски пракси за сточарите за подобрување на квалитетот на млекото.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** континуирано.

### 4. Поддршка на земјоделските задруги

- Општината ќе даде поддршка на формирање на земјоделски задруги, заради подобрување на статусот на ситните земјоделци и пазарот, и подобрување на пласманот на нивните производи. Поддршката ќе биде во насока на обезбедување на основните услови за работа и функционирање (простории, помош за патување и слично).
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2027-2029 година.

### 5. Поддршка на нови сточарски бизниси

- Општината особено ќе ги поддржи иницијативите за започнување на нови сточарски бизниси во делот на говедарството, овчарството и козарството.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.
- **Рок:** 2026-2029 година.

### 6. Довршување на планинскиот пат од Долни Бачила до планината Бушева Чешма за напасување на добитокот

- Со довршувањето на овој пат, ќе овозможиме полесен пристап на сточарите и добитокот до планинската ливада, се со цел да се намалат штетите коишто ги предизвикува добитокот во полињата на земјоделците.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината и Буџет на РМ.
- **Рок:** 2027 - 2029 година.

ВМРО-ДПМНЕ